Врз основа на член 20 став 1 алинеја 10 и член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14), согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-3990/6 од 31.07.2014 година, в.д. Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ја донесе следната:

О Д Л У К А

1. СЕ ОТПИШУВА од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, долгот на Трговското радиодифузно друштво „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје, во износ од 3.630.780,00 денари (по Фактура бр.122/2010 од 11.06.2010 година – износ од 1.821.661,00 денари и по Фактура бр.120/2011 од 14.06.2011 година – износ од 1.809.119,00 денари).

2. Отписот на наведеното побарување да се изврши заклучно со периодот до 31.12.2014 година.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје, беше имател на дозвола за вршење радиодифузна дејност, бр.07-3482/1 од 27.11.2008 година, која Советот за радиодифузија на Република Македонија, со Одлука бр.07-101 од 10.04.2012 година му ја одзеде дозволата поради неотпочнување со емитување на програмскиот сервис преку сателит поради неплаќање на надоместокот за дозволата.

Имено, ТРД „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје на име годишен надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност, врз основа на Фактура бр.122/2010 од 11.06.2010 година која гласи на износ од 1.821.661,00 денари и по Фактура бр.120/2011 од 14.06.2011 година која гласи на износ од 1.809.119,00 денари, на Советот за радиодифузија сега Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ѝ должи износ од 3.630.780,00 денари.

Во „Службен весник на Република Македонија" бр.68/14 година од 29.04.2014 година, беше објавено Решение V.Ст.бр.84/14 од 24.04.2014 година на Основниот суд Скопје II Скопје, со кое се отвара стечајна постапка над Трговското радиодифузно друштво „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје, ул.,,Васил Главинов" бр.16/4, Скопје - Центар, но истата поради немање на имот на должникот без спроведување се заклучува.

Следствено на тоа се констатира дека не постојат законски услови Агенцијата да го наплати долгот во износ од 3.630.780,00 денари од должникот ТРД „ПЕРСПЕКТИВА ТВ" ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горе наведеното, а согласно законската обврска за отпис од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на побарувања за кои не постои можност да бидат наплатени, в.д. Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 02-4054/1

01.08. **2014 година**
Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

в.д. Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

Примерок од Одлуката да се достави до:
- в.д. Директорот на Агенцијата;
- Секторот за економско – финансиски работи;
- Секторот за правни работи;
- Секретаријатот на Агенцијата – Архива.